Согласно член 25 од Статутот на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Претседателката на Комората на седница на Управен Одбор одржана на 03.03.2025 год. поднесува

**П Р Е Д Л О Г - И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА СЕВКУПНИ АКТИВНОСТИ И РАБОТА НА КОМОРАТА ЗА 2024 ГОДИНА**

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2024 год.

| *Вкупен број* | *2024* |
|---|---|
| *КАНДИДАТИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ.......................... вкупно* | 570 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 545 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 25 |
| *КАНДИДАТИ - ПОЛАГАЛЕ СТРУЧЕН ИСПИТ........вкупно* | 622 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 599 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 23 |
| *ИЗДАДЕНИ ЛИЦЕНЦИ ...............................................вкупно* | 506 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 484 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 22 |
| *ИЗДАДЕНИ ЛЕГИТИМАЦИИ.....................................вкупно* | 335 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 312 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 23 |
| *ДОЗВОЛИ ЗА РАБОТА (ИЗДАДЕНИ ОД МВР) ........ вкупно* | 8 |
| • *За сопствени потреби* | 2 |
| • *Агенции за обезбедување -физичко* | 3 |
| • *Агенции за обезбедување -техничко* | 3 |

Во тек на 2024 година, Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување ги реализираше следните активности:

25.01.2024 – Портокалов ден
Во рамки на проектот „Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“ Лидија Столица, Претседателка на Хрватски цех на заштитари сподели порака за нулта толеранција на родово-базирано насилство, којашто беше објавена на Фејсбук страната и на веб страната на Комората.

25.02.2024 – Портокалов ден
Во рамки на проектот „Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“ Бранко Слак, Претседател на словечката зборница за развој на приватното обезбедување сподели порака за нулта толеранција на родово-базирано насилство, којашто беше објавена на Фејсбук страната и на веб страната на Комората.

07 – 08.03.2024 – Регионална конференција за род и безбедност-Скопје 2024

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска учествуваше на првата сесија: Предизвици и можности за родова рамноправност во безбедноста и реформи во организациската култура.

08.03.2024 – Интервју „Жените во приватното обезбедување“
По повод Меѓународниот ден на жената 8-ми Март Генералната секретарка на Комората М-р Сања Керметчиева гостуваше во он-лајн емисијата „Лавиринт“ на темата “Жените во приватното обезбедување”.

20.03.2024 – работилница “Улогата на жените во рано препознавање на криминалот и создавање побезбедна заедница” – Хотел Хилтон, Скопје
Генералната секретарка на Комората М-р Сања Керметчиева учествуваше на работилницата “Улогата на жените во рано препознавање на криминалот и создавање побезбедна заедница”, во организација на Секторот за превенција при СВР Скопје и Мисијата на ОБСЕ и имаше своја презентација на тема “Родовите прашања во приватното обезбедување”.

25.03.2024 – Портокалов ден
Во рамки на проектот „Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“ Александар Недиќ, Генерален секретар на Здружението за приватно обезбедување при Стопанската комора на Србија сподели порака за нулта толеранција на родово-базирано насилство, којашто беше објавена на Фејсбук страната и на веб страната на Комората.

27.03.2024 – Завршна конвенција, “Инклузивен омнибус” Скопје, Центар за обука на МВР
Во рамки на проектот „Инклузивен омнибус-дигитална работилница за различна работна сила“ којшто го реализираше Комората како стратешко партнерство за образование на возрасни во програмата Еразмус + беше организирана завршна конференција за промоција и претставување на проектните резултати и документи: Студија за човечкиот капитал во приватното обезбедување; Програма за обука за регрутери во приватно обезбедување; Систем за учење за инклузивно регрутирање и избор на работници – Иновативна наставна програма и инструкции; Квалитетна работна сила – сеопфатен прирачник за инклузивни практики за човечки ресурси во приватното обезбедување и Стратешка рамка за човечки ресурси во приватно обезбедување.

18.04.2024 –Меѓународна конференција “Приватна заштита 2024” -Загреб
Во организација на Хрватски Цех Заштитара се одржа Меѓународна конференција “Приватна заштита 2024”. Претседателката на Комората на РС Македонија за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска учествуваше во панел дискусија на темата Индустријата на приватната заштита во ЕУ и Југоисточна Европа. Генералната секретарка на Комората на РС за приватно обезбедување м-р Сања Керметчиева со своето учество на оваа Меѓународна конференција ги претстави активностите на

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Комората во фокус на проектот ”Портокалова дланка – обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата”

25.04.2024 – Портокалов ден
Во рамки на проектот „Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“ Габриел Бадеа, претседател на Асоцијација за приватно обезбедување на Романија сподели порака за нулта толеранција на родово-базирано насилство, којашто беше објавена на Фејсбук страната и на веб страната на Комората.

26.04.2024 – Доделување сертификат за грант на настанот „Афирмирање на женскиот потенцијал во бизнисот“
Комората за приватно обезбедување доби грант од УСАИД Македонија во рамки на проектот “Активност за јакнење на деловниот екосистем” кој го имплементира Консалтинг за стратешки развој за проектот “Пеперутка-зајакнување на жените за лидерство и менаџмент во приватното обезбедување”. Во рамки на овој проект во период од 12 месеци Комората ќе изработи Политика за родова рамноправност во приватно обезбедување; ќе креира Тренинг програма за менаџмент и лидерство за жени во приватно обезбедување и Прирачник; ќе обучи 40 жени за менаџмент и лидерство; ќе избере амбасадори за родова рамноправност во приватно обезбедување и многу други активности.
На овој настан официјално беа доделени сертификатите за 4-те организации кои добија грантови и во рамките на настанот „Афирмирање на женскиот потенцијал во бизнисот“, меѓу другото, се одржа и панел дискусија за претставување на проектите.

25.05.2024 - Портокалов ден
Во рамки на проектот „Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“ Катерине Пиана, Извршна директорка на Конфедерацијата на европски услуги за приватно обезбедување КОЕС сподели порака за нулта толеранција на родово-базирано насилство, којашто беше објавена на Фејсбук страната и на веб страната на Комората.

28.05.2024 – Јавна дебата за Политика за родова рамноправност на работното место во приватното обезбедување.
Настанот се одржа во просториите на Комората на РСМ за приватно обезбедување како активност на проектот ’’Зајакнување на жените за лидерство и менаџмент во приватното обезбедување– Пеперутка’’, а во рамки на проектот “Активност за јакнење на деловниот екосистем” систем (Business Support Organizations – Champions Project), кој го имплементира Консалтинг за стратешки развој , финансиран од УСАИД Македонија.
На оваа јавна дебата учество земаа претставниците на приватното обезбедување, стопанството, академската заедница, Министерството за внатрешни работи, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, синдикат, Консалтинг за стратешки развој и други кои со своето присуство, професионалната и стручна експертиза дадоа свој придонес во јавната дебата.

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Експертскиот тим на Комората ќе изработи документ кој ќе претставува алатка со која ќе се влијае на свеста кај сите вработени во дејноста приватно обезбедување во однос на родовата еднаквост и подобрување на можностите на жените во приватниот сектор и идно усогласување со европските директиви и прописи во однос на почитувањето на човековите права и слободи и родовата еднаквост во правните лица генерално.

04.06.2024 –Меѓународна регионална конференција – „Јавно-приватно партнерство во приватниот безбедносен сектор – предизвици, проблеми, зајакнување на ефикасноста во имплементацијата; Приватна безбедносна индустрија во ЕУ и Југоисточна Европа“- Белград
Во организација на Стопанската Комора на Србија се одржа Меѓународната регионална конференција кога Претседателката на Комората за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска имаше своето обраќање на темата “Приватниот безбедносен сектор во Република Северна Македонија – предизвици, ризици, перспектива…”, а подоцна зема учество на панел дискусија на тема “Приватна безбедносна индустрија во ЕУ и југоисточна Европа.

25.06.2024 - Портокалов ден

Во рамки на проектот „Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“ Едуардо Кобас, Претседател на шпанската организација за приватно обезбедување и Претседател на Комитетот за социјален дијалог при КОЕС-Конфедерација на европски услуги за приватно обезбедување сподели порака за нулта толеранција на родово-базирано насилство, којашто беше објавена на Фејсбук страната и на веб страната на Комората.

25.07.2024 – Портокалов ден
Во рамки на проектот „Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“ Александар Франк, заменик генерален директор на CoESS (Конфедерација на европски безбедносни услуги)сподели порака за нулта толеранција на родово-базирано насилство, којашто беше објавена на Фејсбук страната и на веб страната на Комората.

03 – 04.09 и 11-12.09.2024 – Специјализирани обуки за лидерство и менаџмент за жени во приватно обезбедување
Комората за приватно обезбедување организираше две дводневни Обуки за лидерство и менаџмент за жени во приватно обезбедување во рамки на проектот ”Зајакнување на жените за лидерство и менаџмент во приватното обезбедување– Пеперутка’’.
Целите на обуката беа: стекнување знаења за лидерство и менаџмент за: основи на лидерство и менаџмент, комуникациски вештини, управување со човечки ресурси, родова рамноправност на работното место во приватното обезбедување, рамнотежа помеѓу работата и животот, финансиска писменост и дигитална писменост и назначување на амбасадорки за родова рамноправност во приватното обезбедување.

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Учеството беше бесплатно, ограничено на 40 жени од компании за приватно обезбедување, членки на Комората.

17.09.2024 –Дојран, Меѓународна научна конференција
Претседателката М-р Верица Милеска Стефановска имаше свое обраќање на свеченото отварање на Меѓународната научна конференција "Нови граници на конфликт и безбедносна политика" во организација на Филозофскиот факултет, Скопје – Институт за безбедност одбрана и мир.

20.09.2024 год. Министерот за внатрешни работи Панче Тошковски оствари работна посета на Комората за приватно обезбедување.
На работната средба беа дискутирани состојбите во секторот приватно обезбедување, соработката помеѓу јавната и приватната безбедност, предизвиците, потребите и правците за натамошен развој.

18.10.2024 –Работна средба во Скопје со Комисијата за вршење на надзор при Министерството за внатрешни работи.
На работната средба се разговараше за актуелната состојба, условите за работа и предизвиците со кои се соочува секторот приватно обезбедување во Македонија. Во функција на професионална комуникација се дадоа и насоки за идна соработка и координација помеѓу правните лица кои вршат дејност приватно обезбедување и контролата од страна на МВР. заедно со комисијата за надзор и контрола пристапивме кон организација на работни средби помеѓу вршителите на дејноста приватно обезбедување, кои работат на територија на посебните СВР при МВР со цел воспоставување на директна комуникација помеѓу вршителите на дејноста и полициските службеници во функција на квалитетна соработка и координација, заради вршење на професионално приватно обезбедување.
Вакви работни средби Комората и Комисијата за надзор и контрола спроведоа и на 12.11.2024 – СВР Куманово,18.11.2024 – СВР Тетово,05.12.2025 – СВР Велес,17.12.2024 – СВР Струмица и 17.12.2024 – СВР Штип.

28.10.2024 – Специјализирана обука за Народна Банка
Комората за приватно обезбедување за вработените во НБРСМ организираше специјализирана обука која опфати едукација, обука и вежба за противпожарна заштита, со особен фокус на: гаснење на пожар, спасување и евакуација и давање на прва, помош на повредени лица од пожар во НБРСМ; Правилно постапување на вработените во случај на ситуација на појава на пожар, спасување и евакуација; Меѓусебна координација на единицата за противпожарна заштита Употреба на соодветни лични заштитни средства и опрема; Евакуација на вработените и сл.

04.11.2024- Денови на приватно обезбедување "Противпожарна заштита од перспектива на приватна безбедност", Љубљана , Р. Словенија

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Претседателката на Комората М-р Верица Милеска Стефановска имаше свое обраќање на годишната конференција Денови на приватно обезбедување “Противпожарна заштита од перспектива на приватна безбедност”, при што ги сподели македонските искуства и состојби во секторот приватното обезбедување, овој пат од сферата на противпожарна заштита која што е централна тема и интерес на конференцијата.

14.11.2024 – Состанок на амбасадорки за родова рамноправност
Амбасадорките за родова рамноправност, избрани во рамки на проектот ”Зајакнување на жените за лидерство и менаџмент во приватното обезбедување” – ПЕПЕРУТКА ќе се грижат за унапредување на родовата рамноправност во компаниите за приватното обезбедување во коишто се вработени, ќе бидат заштитници во случаи на дискриминација на вработените врз основа на пол и род, ќе се вложуваат за подигнување на свеста кај сите вработени за еднаквоста помеѓу жените и мажите на работното место и сл.

11.12.2024 – Денови на приватно обезбедување 2024, конференција „Зајакнување на жените за лидерство и менаџмент во приватното обезбедување“
Во рамки на Денови на приватно обезбедување 2024 беше организирана конференција со фокус на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените вработени во приватното обезбедување. Во оваа прилика беше доделена Политика за родова еднаквост во приватното обезбедување за 60 компании за приватно обезбедување; беа промовирани 10 амбасадорки за родова рамноправност и беа доделени сертификати за 40 учеснички во обука за лидерство и менаџмент за жени во приватното обезбедување.
Денови на приватно обезбедување 2024 одбележа 25 години од донесување на првиот Закон за обезбедување на лица и имот.
Свечено обраќање во отворање на настанот имаа: Министерот за внатрешни работи Панче Тошковски; Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот Павле Трајанов; претседателката на Комората за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска; Тимоти Онг, Директор за економски раст во УСАИД Македонија; Росица Тошевска од Консалтинг за стратешки развој.

Скопје, 03.03.2025

Претседателка
М-р Верица Милеска Стефановска

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ